ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр.08- 242/1**
**1.02.2021 год.**
**Гевгелија**

**До**
**г.НАСЕР НУРЕДИНИ**
**Министер за животна средина**
**и просторно планирање**
**при Владата**
**на Република Северна Македонија**

**Копие:**
**г.ЗОРАН ЗАЕВ**
**претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

Почитуван министер,

Неофицијално сме информирани дека на Друштвото за трговија, услуги, обработка на отпад и производство на енергија Г&О ВАСТЕ СОЛУТИОН ДООЕЛ Скопје, за неговата подружница, во закупените простории на улица „Индустриска“ во Гевгелија, од страна на Министертството за животна средина и просторно планирање му е издадена дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад. Во Гевгелија веќе се најавени протести од невладините организации против отворањето на погон за складирање на отпад, бидејќи во текот на 2019 година барањето на фирмата „П&П“ ДОЕЕЛ Скопје, во закупените простории на улица „Индустриска“ во Гевгелија, сега наведени од фирмата Г&О ВАСТЕ СОЛУТИОН ДООЕЛ Скопје (станува збор за истата фирма), веќе еднаш беше дадено негативно мислење.

Затоа, сакам да Ве информирам дека Советот на Општина Гевгелија на својата 35 седница, одржана на 12 ноември 2019 година, издаде повторно негативно мислење на компанијата „П & П Индустриас“ДОО Скопје за складирање и производство на палети од RDF во општина Гевгелија. Имено, општина Гевгелија во јуни 2019 година даде негативно мислење по истото барање, бидејќи во непосредно опкружување на наведената локација во Гевгелија (поранешна фабрика „Керамика“) се наоѓаат капацитети во кои, главно, се произведуваат прехранбени производи. На јавната презентација на проектот организирана тогаш со учество на претпријатијата лоцирани на улица „Индустриска“, невладините организации и претставници на локалната самоуправа беше нагласено дека производството и складирање на палети од RDF гориво ќе има штетно влијание на воспоставените индустриски процеси и смата урбанизирана средина. По ваквото јавно изнесено мислење, доставив негативно мислење по предметното барање.

Меѓутоа, по четири месеци Министерството за животна средина на Република Северна Македонија достави повторно барање до општина Гевгелија за мислење во врска со дополнетото известување од италијанската фирма „П & П Индустрис" со седиште во Скопје за намера за спроведување на проектот „Складирање и производство на палети од RDF во општина Гевгелија". Претставниците на „П & П Индустриас" ДОО Скопје, кои присуствуваа на седницата на Советот на општина Гевгелија пред советниците и претставниците на невладините организации го презентираа проектот и причините зошто се определиле за оваа локација.

Советот на општина Гевгелија едногласно даде негативно мислење на барањето на италијанската фирма за производство на пелети од RDF гориво, кое ќе се увезува од Италија, ќе се складира и произведува во Гевгелија, а пелетите ќе се извезуваат во Италија. По доставеното негативно мислење од страна на Општина Гевгелија, Министерството за животна средина и просторно планирање на „П&П" не и издаде дозвола за складирање и производство на пелети од RDF гориво. Инаку, пред почетокот на седницата, во 2019 година, на повик од граѓанското здружение „Спас за нас" гевгеличани протестираа пред зградата на локалната самоуправа против отворање на погон за преработка на отпад, како и против продолжување на геолошките истражувања за злато на планината Кожуф.

Бидејќи станува збор за истата фирма, на која овој пат без мислење од страна на Општина Гевгелија и е издадена дозвола, сакам да Ве информирам дека како органи на локалната самоуправа мораме да ги браниме веќе донесените одлуки и мислења. Особено, кога се резултат на спроведените јавни расправи и мислења на граѓаните.

Затоа, барам уште еднаш да не информирате и да ја преиспитате веќе издадената дозвола, нагласувајќи дека ваквата дозвола може да предизвика бројни реакции и несакани последици во Општина Гевгелија.

Со почит,

Градоначалник
на Општина Гевгелија

**м-р Сашо Поцков**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНАТА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Во прилог:МИСЛЕЊЕ на Совет на Општина Гевгелија

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.),член 38 став (1) точка 43 и член 84 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10и 18/14г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 12.11.2019 година, расправајќи по барањето на Министерството за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина, за доставување мислење за спроведување на проектот Складирање на RDF и производство на пелети од RDF гориво, за потребите на инвеститорот "П&П Индустрис" ДОО од Скопје, го донесе следново

# МИСЛЕЊЕ

1.Советот на општина Гевгелија на својата 35-та седница одржана на ден 12.11.2019 година го разгледа барањето на Министерството за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина, за доставување мислење за спроведување на проектот Складирање на RDF и производство на пелети од RDF гориво, за потребите на инвеститорот "П&П Индустрис" ДОО од Скопје, и притоа едногласно одлучи да даде **НЕГАТИВНО МИСЛЕЊЕ**.

2.При донесувањето на ваквото мислење, Советот на општина Гевгелија ги зеде в предвид сите стратешки документи донесени од досегашните состави на Советот на општина Гевгелија, почнувајќи од Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) на општина Гевгелија од 1998 година, Резултатот и правните последици од одржаниот Референдум на локално ниво во општина Гевгелија од 23.04.2017г., Одлуката за верификација на резултатите од Референдумот на локално ниво под бр.09-1041/1 од 15.05.2017 година, и Одлука за задолжително дејство на резултатите од Референдумот на локално ниво под бр.09-1042/1 од 15.05.2017 година, во која е наведено дека органите на општина Гевгелија задолжително треба да доставуваат НЕГАТИВНО МИСЛЕЊЕ на државните органи, како и Програмата за Измена и дополнување на Програмата за Локален економски развој (ЛЕР) во општина Гевгелија за 2017 година,каде што децидно е наведено дека на територијата на општина Гевгелија се забранува изградба на објекти од тешка и загадувачка индустрија, во насока на зачувување и унапредување на здравата животна средина. Посебно треба да се земе в предвид негативното мислење на Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина во општина Гевгелија под бр.16-935/2 од 21.06.2019 година, во врска со првичното барање од Министерството за животна средина и просторно планирање под бр.11-2860/2 од 28.05.2019 година до општина Гевгелија.

3.Советот на општина Гевгелија е на мислење дека надлежното Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија, треба во целост да го почитува ставот на Советот на општина Гевгелија за давање НЕГАТИВНО МИСЛЕЊЕ при одлучување за спроведување на проектот Складирање на RDF и производство на пелети од RDF гориво, за потребите на инвеститорот "П&П Индустрис" ДОО од Скопје на подрачјето на општина Гевгелија, како и да се земат в предвид штетните последици доколку таквиот проект се спроведува на територија на друга општина.

4. Се обврзуваат стручните служби на општина Гевгелија да го испратат ова Мислење до Министерството за животна средина и просторно планирање на РСМ најдоцна до 13.11.2019 година.

5. Мислењето влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1844/1
12.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**